# Известување за запишување на ученици во прво одделение за учебната 2022/2023 година

- **Известување**

**Право за запишување  во прво одделение имаат:**

1. Деца родени 2016 година односно кои до крајот на календарската 2022 година ќе наполнат 6 години.
2. По исклучок детето може да се запише во  (1) прво одделение доколку е родено до 31 јануари 2017 година, по барање на родителот и со добиено мислење од специјален едукатор и рехабилитатор и психолог од училиштето.
3. Уписот ќе се реализира од 01.05 до 31.05.2022 година секој работен ден од 10:00 до 13:00 часот, со претходно закажување на термин кај стручната служба на училиштето за запишување на тел. 047/236-900 или елктронска пошта uspeshnarehabilitacija@yahoo.com.
4. За запишаните ученици училиштето истакнува список на огласната табла на училиштето најдоцна до 15 јули 2022 година.
5. Постапката на запишување ја спроведува Комисија за запишување ученици во прво одделение.

**Потребни документи за упис:**

- Извод од матична книга на родените;
- Лична карта од родителот/старателот - на увид;
- Потврда  за примени задолжителни вакцини за детето издадена од надлежна институција;
- Потврда од стоматолошки преглед, издадена од надлежна здравствена установа;
- Потврда за офталмолошки преглед, издадена од надлежна здравствена установа, односно упат за закажан офталмолошки преглед;
- Мислење/ функционален профил од комисијата за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ;
- За запишување на детето кое ќе наполни (6) шест години до 31 јануари 2023, потребно е  претходно родителот односно старателот да поднесе писмено Барање за запишување  во училиштето кое може да се превземе лично во просториите на училиштето и по добиено позитивно мислење од специјален едукатор и рехабилитатор или психолог.